# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА ВО ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА- СКОПЈЕ

Октомври/Ноември, 2022 година

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

[1] 08-15911/2 [2022]

## ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ УК ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

**за контрола на начин на пресметка и исплата на плати на медицинскиот директор за периодот од месец јануари до месец септември 2022 година**

Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот, м – р Бедри Мемети и Цвете Јовановска.

Контролата е извршена на ден 28.10 и 01.11.2022 година, по налог за Вонредна контрола број 08-15911/1 од 27.10.2022 година.

### 1. Основни податоци за раководството и овластените лица од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински директор | д-р Сузана Николова | Директор | Менаџерски договор бр.17-1390/1 од 11.02.2021 година |

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:
Име и презиме: Билјана Трпевска
Функција: Материјален книговодител
Име и презиме: Анкица Јаначковска
Функција: Главен благајник
Име и презиме: Билјана Алексова
Функција: Дипломиран правник
Име и презиме: Емилија Стојановиќ
Функција: Главна медицинска сестра

Телефон за контакт: 02/3134 042

#### 1.1. Контрола на плата на медицински директор

Претходниот медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје, д-р Нина Цаца - Билјановска, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 01-13/1 од 02.01.2020 година во ЈЗУ и Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 01-126/1 од 12.02.2020 година во ЈЗУ.

Овластувања од министерот за здравство за директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија - Скопје за потпишување на Анексите за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверени со архивски број во ЈЗУ 01-13/1 од 02.01.2020 година и 01-216/1 од 12.02.2020 година, на контролата не и се доставени на увид од страна на овластеното лице во ЈЗУ.

Во списокот со директори на ЈЗУ кои се овластуваат да ги потпишат Анексите, од точка 1 од Овластувањата со број 17-110/1 од 02.01.2020 година и број 17-1665/1 од 12.02.2020 година, издадени од министерот за здравство, (доставени на контролата при контрола во други ЈЗУ), е наведен и претходниот медицинскиот директорот д-р Нина Цаца - Билјановска на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје, со потис од истиот.

Извршен е увид во исплатните листи за плата на медицинскиот директор во ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје за период од јануари до септември 2022 година.

1. **Медицински директор на ЈЗУ**

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ефективни часови | 147 | 140 | 161 | 147 | 154 | 154 | 147 | 161 | 154 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 33 год. | 33 год. | 33 год. | 33 год. | 33 год. | 33 год. | 34 год. | 34 год. | 34 год. |
| додаток по основ на раководење: | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| прекувремена работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за ноќна работа (%) | 50 % | - | - | - | - | 50% | 50 % | 50 % | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени на часови за ноќна работа | 8 часа | - | - | - | - | 16 часа | 24 часа | 8 часа | - |
| додаток во три смени (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | 155 % | 155 % | 155 % | - | 155 % | 155 % | 155 % |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | - | - | 16 часа | 24 часа | 16 часа | - | 16 часа | 16 часа | 16 часа |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Во Решение број 04-7/16 од 06.08.2021 година, е нотирано дека Управниот одбор на УК за дерматологија – Скопје, донел Решение на работникот проф. д-р Сузана Николовска со кое и се утврдува коефициент на сложеност е 8,070.
Решението е потпишано од самиот медицинскиот директор на УК за дерматологија – Скопје, а не од претседателот на Управниот одбор.

Утврдениот коефициент на сложеност е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 10.02.2020 година.

Од доставените исплатните листи за плата на медицинскиот директор во ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје за период од јануари до септември 2022 година, контролата констатира:

- основната плата се пресметува согласно утврдениот коефициент на сложеност во Решение број 04-7/16 од 06.08.2021 година;
- се пресметува додаток на основната плата за секоја година работен стаж од 0,5 %;
- вредноста на бодот е 14.090 денари, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, објавена во Службен весник 302 од 30.12.2021 година;
- се пресметува и исплаќа додаток за ноќна работа од 50 % за работните деновите во неделата;

- се пресметува и исплаќа додаток за дежурство во викенд и празник за интернистички гранки од 155 % за 16 часа;

ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје нема добиено согласност од министерот за здравство за организирање на работењето на докторите во дежурства.

Во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје на медицинскиот директор во работни денови за работа од 22 часот навечер до 06 часот наутро му се пресметува и исплаќа додаток за ноќна работа од 50 %. За часовите за кои се пресметува и исплаќа додаток за ноќна работа, не се пресметува и исплаќа додаток за дежурство.

Во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје на медицинскиот директор за дежурствата во викенд и празник му се пресметува и исплаќа додаток за дежурство во викенд и празник од 155 %. За часовите за кои се пресметува и исплаќа додаток за дежурство во викенд и празник, не се пресметува и исплаќа додаток за ноќна работа.

Од страна на Материјалениот книговодител кој ја изработува платата во ЈЗУ, на контролата и се доставени прегледи на доктори кои обавуваат дежурства за месеците предмет на контролата. Во доставените прегледи се наведени докторите кои обавуваат ноќна работа или дежурство, колони со дати, колона со вкупниот број часови поминати во ноќна работа и дежурство во месецот за секој доктор и поединечни збирови за часови поминати во ноќна работа, празник и дежурство. Прегледите се потпишани од медицинскиот директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје, без архивска печат.

За ноќната работа и дежурство во викенд и празник на контролата, од страна на главната медицинска сестра и е презентирана евиденција во Рапортна тетратка, во која се нотираат Рапорти за дежурниот персонал, со наведена дата и потпис на дежурниот доктор.

Во Рапортната тетратка, за дежурствата во викенд и празник и ноќната работа на медицинскиот директор на ЈЗУ, се евидентирани Рапорти со наведена дата и потпис од медицинскиот директор, за датумите кои се нотирани во месечните распореди за дежурства за периодот на контролата.

На контролата и укажано дека Рапортите за дежурство во викенд и празник се изработуваат на крајот од дежурството, следниот ден.

На контролата не и е доставена електронска или рачна евиденција за работно време на медицинскиот директор.

Во контролираниот период во исплатните листи нема евидентирано часови поминати на боледување.

За контролираниот период, од страна на дипломираниот правник, на контролата и е доставено Решение за користење на годишен одмор за 2022 година, број 04-2/1 од 28.02.2022 година, во кое е е нотирано дека претседателот на Управниот одбор на УК за дерматологија – Скопје донел Решение за користење на годишен одмор.
Решението е потпишано од самиот медицинскиот директор на УК за дерматологија – Скопје, а не од претседателот на Управниот одбор.

Во Решение број 04-2/1 од 28.02.2022 година за користење на годишен одмор е одобрено користење на годишен одмор за 2022 година во треење од 29 работни дена, но нема евидентирно период за кој истото се однесува, т.е. изработено е без наведени дати од и до.
Од страна на дипломираниот правник контролата е информирана дека во ЈЗУ, се носи Решенија за користење на годишен одмор, на медицинскиот директор на вкупниот број денови за тековната годината, а за користење на дел од годишниот одмор се изработуваат Одобренија со назначен

период од – до. Доставените одобренијата не се заверени и потпишни, а во истите е евидентирано дека ги одобрил администратор.

За месеците предмет на контролата, кај датумите наведени во Одобренијата за користење денови од годишен одмор, нема совпаѓање со датумите евидентирани во прегледите на доктори кои обавуваат дежурства по кои се пресметува и исплаќаат додатоци за ноќна работа и дежурства во празник и викенд за медицинскиот директор.

За месеците предмет на контролата, дипломинираниот правник на контролата и презентираше, Одлука број 02-204/4 од 25.05.2022 година со која на медицинскиот директор му се одобрува платено отсуство од работа. За периодот евидентиран во Одлуката број 02-204/4 од 25.05.2022 година нема совпаѓање со датумите евидентирани во прегледите на доктори кои обавуваат дежурства по кои се пресметува и исплаќаат додатоци за ноќна работа и празник и викенд дежурства за медицинскиот директор. По доставената Одлука на контролата не и е доставен заверен и потпишан, налог за службено патување.
Во Одлуката број 02-204/4 од 25.05.2022 година е нотирано "именуваната е должна да подигне патен налог пред патување и по вркањето".

Во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија – Скопје нема именувано организациски директор на ЈЗУ.

***Забелешка:***
Во рок од 8 (осум) дена од приемот на Извештајот ЈЗУ има право на Приговор по истиот до Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при ФЗОРСМ.

**Скопје,**
**02.11.2022 година**

**Финансиски контролори:**

м-р Бедри Мемети

Цвете Јовановска

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев